# THE INTERNATIONAL LEGAL CONTEXT OF DIVORCE IN KICHEVO

**Ilir Ramadani**
Faculty of Law at the "St. Kliment Ohridski" University – Bitola, Republic of North Macedonia,
ilir_novosella@hotmail.com

**Abstract:** The paper addresses issues related to the dissolution of marriage, analyzing the legal and institutional framework of divorce proceedings in the Municipality of Kichevo during 2024, with particular emphasis on judicial practice, the role of the Center for Social Work, and issues related to the international private law aspects of divorce. The research is based on an analysis of positive family legislation, the rules for determining the applicable law governing divorce, as well as empirical data obtained from the Basic Court of Kichevo and the Center for Social Work – Kichevo.

The focus of the paper is on the conditions and procedures for divorce, including cases involving a foreign element, where determining the applicable law and the legal status of foreigners in divorce proceedings is of particular importance. Special attention is given to the protection of the rights of foreign nationals, their procedural status, and equal access to judicial protection, in accordance with domestic law and relevant international standards.

The data indicate that in 2024, 123 lawsuits for divorce were filed before the Basic Court of Kichevo, while 134 judgments were rendered, indicating continuous and increased activity in the field of divorce proceedings. Additionally, the Center for Social Work – Kichevo recorded 99 cases related to divorce involving disputes over the exercise of parental rights, of which 90 cases resulted in decisions adopted in accordance with Article 46 of the Family Law, guided by the principle of the best interests of the child.

The analysis confirms that, despite the formal compliance of the national legal framework with modern legal and international private law standards, in practice there are numerous challenges arising from the conflict between traditional values, the local socio-cultural context and modern social changes. The paper points to the need for a more efficient, sensitive and integrated approach to the application of law, especially in cases with a foreign element, in order to enhance legal certainty and protect family relations and the rights of all parties concerned, especially children.

**Keywords:** divorce, family law, applicable law, legal status of foreigners, private international law, Basic Court of Kichevo, Center for Social Work, parental rights, best interests of the child, judicial practice.

# МЕЃУНАРОДНО ПРАВНИОТ КОНТЕКСТ НА РАЗВОДОТ НА БРАКОВИТЕ ВО КИЧЕВО

**Илир Рамадани**
Правен факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија, ilir_novosella@hotmail.com

**Апстракт:** Во трудот се обработува проблематиката на разводот на бракот, при што се анализира правната и институционалната рамка на бракоразводните постапки во Општина Кичево во текот на 2024 година, со посебен осврт на судската практика, улогата на Центарот за социјална работа и прашањата поврзани со меѓународно-приватноправните аспекти на разводот. Истражувањето се темели на анализа на позитивното семејно законодавство, правилата за определување на меродавното право за развод на брак, како и на емпириски податоци добиени од Основниот суд Кичево и Центарот за социјална работа – Кичево.

Во фокусот на трудот се условите и постапките за развод на брак, вклучително и случаи со странски елемент, каде што од особено значење е определувањето на меродавното право и правната положба на странците во бракоразводните постапки. Посебно внимание е посветено на заштитата на правата на странските државјани, нивниот процесен статус и еднаквиот пристап до судска заштита, во согласност со домашното право и релевантните меѓународни стандарди.

Податоците покажуваат дека во 2024 година пред Основниот суд Кичево биле поднесени 123 тужби за развод на брак, додека биле донесени 134 пресуди, што укажува на континуирана и зголемена активност во областа на бракоразводните постапки. Дополнително, Центарот за социјална работа – Кичево евидентирал 99 случаи поврзани со разводи на брак со спор околу вршењето на родителското право, при што во 90 случаи било донесено решение согласно член 46 од Законот за семејство, водејќи се од начелото на најдобар интерес на детето.

Анализата потврдува дека, и покрај формалната усогласеност на националната законска рамка со современите правни и меѓународно-приватноправни стандарди, во практиката постојат бројни предизвици кои произлегуваат од судирот меѓу традиционалните вредности, локалниот социо-културен контекст и современите општествени промени. Трудот укажува на потребата од поефикасен, посензитивен и интегриран пристап во примената на правото, особено во случаи со странски елемент, со цел унапредување на правната сигурност и заштита на семејните односи и правата на сите засегнати страни, особено на децата.
**Клучни зборови:** развод на брак, семејно право, меродавно право, правна положба на странците, меѓународно приватно право, Основен суд Кичево, Центар за социјална работа, родителско право, најдобар интерес на детето, судска практика

## 1. ВОВЕД

Бракот како правно уредена и општествено значајна заедница претставува основна клетка на семејството и има важна улога во обезбедувањето на стабилноста на општеството. Тој се заснова на доброволност, еднаквост и заемна одговорност на брачните другари, кои се должни да си бидат верни, да си помагаат и да се грижат за семејството. И покрај неговото значење, бракот не е нераскинлива заедница, туку може да престане со развод, како законски уреден начин на престанок на полноважен брак за време на животот на брачните другари, врз основа на причини и постапка утврдени со закон.

Во современото општество, под влијание на бројни социо-економски, културни и лични фактори, бракот се соочува со значајни предизвици кои често водат кон негово дестабилизирање. Промените во вредносниот систем, зголемената индивидуализација, економската независност на партнерите и трансформацијата на семејните улоги придонесуваат кон пораст на бројот на разводи, како во европските земји, така и во Република Северна Македонија.

Посебно комплексно прашање претставува разводот на брак со странски елемент, односно разводот на т.н. меѓународни бракови. Во таквите случаи, покрај материјалните норми на семејното право, значајна улога имаат и колизионите правила на меѓународното приватно право, кои ја определуваат меродавната правна регулатива. Законодавството на Република Северна Македонија, преку Законот за меѓународно приватно право, го следи современиот европски пристап кој го фаворизира принципот на најтесна врска со конкретниот правен однос, при што како примарен критериум се зема вообичаеното престојувалиште на брачните другари.

Разводот на бракот не претставува само правен акт, туку има длабоки последици врз семејството, а особено врз децата. Поради тоа, покрај судовите, значајна улога во постапките за развод имаат и центрите за социјална работа, кои дејствуваат со цел заштита на најдобриот интерес на детето и ублажување на негативните последици од нарушените брачни и родителски односи. Координацијата помеѓу судската власт и институциите за социјална заштита претставува клучен елемент за ефективно и хумано решавање на брачните спорови.

Целта на овој труд е да се анализира правната рамка и практичната примена на институтот развод на брак во Република Северна Македонија, со посебен осврт на разводите со меѓународен елемент, судската практика на Основен суд Кичево и улогата на Центарот за социјална работа во постапките поврзани со доверување на децата. Преку анализа на законските решенија, релевантната литература и емпириските податоци од 2024 година, трудот настојува да даде придонес кон подобро разбирање на комплексноста на разводот на брак и неговото влијание врз семејството и општеството во целина.

## 2. РАЗВОД НА БРАК ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРАВО СПОРЕД ЗАКОНОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бракот претставува доброволна заедница на живот меѓу брачните другари, при што тие се должни еден кон друг да бидат верни, да си помагаат и да се грижат за семејството. Врз основа на закон, полноважниот брак може да престане со развод. Разводот на бракот може да се дефинира како престанок на полноважен брак за време на животот на брачните другари, со одлука на надлежен орган, врз основа на причини определени со закон. Оттука може да се заклучи дека: прво, бракот може да престане со развод само доколку е полноважен; второ, бракот може да се разведе само за време на животот на брачните другари; и трето, разводот се врши според условите предвидени со закон и преку судска постапка пред надлежното тело (Bilalli, A., Kuçi, H., 2022: 283).

Во современото општество, доколку бракот не се развива согласно очекувањата на брачните другари, дозволено е таквиот брачен однос да престане со развод уште за време на нивниот живот. Постојат голем број различни фактори кои имаат влијание врз стабилноста на бракот, а дел од нив му претходат на неговото склучување. Pousson-Petit ги наведува следниве фактори: успешен брак на родителите на брачните партнери,

хармонични односи со родителите за време на детството, одобрување на бракот од страна на родителите, припаѓање на иста социо-економска група, иста етничка и религиска припадност, еднаков степен на образование и слично. Во последните децении, во бракот и семејството се случуваат значајни промени кои во основа водат кон дестабилизација на бракот, поради што драматично се зголеми бројот на разводи во сите европски земји (Мицковиќ, Д. и Шутова, М., 2020: 63).

Сите национални законодавства на европските држави го познаваат институтот развод на брак. Меѓутоа, материјалните и колизионите прописи со кои се регулира овој институт значително се разликуваат меѓу државите. Примената на материјалните норми, кои се составен дел од семејното право, е карактеристична за т.н. домашни бракови – бракови склучени меѓу државјани на иста држава. Но, кога станува збор за развод на брак меѓу домашен државјанин и странец, или кога пред суд на една држава се расправа за развод на брак склучен меѓу двајца странски државјани (независно дали бракот е склучен во државата каде што се води разводот или во друга држава), станува збор за развод на т.н. меѓународни бракови (Дескоски, Т. и Доковски, В., 2021: 412).

Според одредени истражувања, во рамките на Европската Унија, сите европски земји се соочуваат со огромен пораст на бројот на разводени бракови. Разводот на брак, заедно со смртта на еден од брачен партнер, е најчестиот начин на престанок на полноважниот брак. Поради тоа, законодавците се соочени со дилемата како да гсе регулираа разводот на брак, со цел да се обезбеди одредена заштита на бракот како заедница која остварува значајни општествени функции, но истовремено да се онезбеди слобода на брачните партнери да стават крај на брачната заедница која доживеала неуспех (Мицковиќ, Д. и Шутова, М., 2020: 144). Според истражувањата, во рамките на Европската Унија годишно се евидентираат околу 140.000 разводи во кои е застапен странски елемент (Дескоски, Т. и Доковски, В., 2021: 412).

Во ситуација кога пред домашен суд се води постапка за развод на меѓународен брак, меродавно е правото на државата во која двајцата брачни другари имале заедничко вообичаено престојувалиште во моментот на поднесување на тужбата. Член 27 од Законот за меѓународно приватно право го утврдува основното колизиско правило, при што како примарен критериум се зема вообичаеното престојувалиште на брачните другари во моментот на поднесување на тужбата (член 27 од Законот за меѓународно приватно право на РСМ).

Овој пристап е во согласност со современите европски тенденции кои го фаворизираат принципот на најтесна врска со конкретниот правен однос. Доколку брачните другари немаат заедничко вообичаено престојувалиште, законодавецот предвидува супсидијарна примена на правото на државата на нивното последно заедничко престојувалиште, под строго утврдени временски и фактички услови, со цел да се спречат злоупотреби и да се обезбеди правна сигурност.

Во случај кога ниту еден од претходните критериуми не може да се примени, член 27 од Законот за меѓународно приватно право предвидува примена на правото на државјанството на брачните другари, а како крајно решение – примена на правото на Република Северна Македонија.

## 3. **ПРАВНИ УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА РАЗВОД НА БРАК СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВО**

Во правната теорија, причините за развод на брак се определуваат како факти или настани што законот ги предвидува како основа за развод на брак. Определувањето на причините за развод на брак зависи од бројни фактори: степенот на општествениот развој, религиозните, моралните и етичките ставови, влијанието на традицијата и обичаите, односот на политичките сили, како и од други фактори.

Нашето семејно законодавство предвидува три причини врз основа на кои бракот може да се разведе:

1) со заемната согласнот на брачните партнери за развод на брак, 2) по брање на еден од брачните партнери ако брачните односи се до таа мера нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив, 3) со фактички престанок на бракот (Мицковиќ, Д. и Ристов, А., 2015: 145)

Според законот, бракот може да се разведе со заемна согласност на брачните другари. Во случај кога брачните другари имаат заеднички малолетни деца или полнолетни деца над кои е продолжено родителското право, тие се должни да поднесат спогодба за начинот на вршење на родителските права и должности, како и за издржувањето и воспитувањето на децата. При ваков развод, судот ќе донесе одлука за развод на бракот само доколку постои заемна согласност на брачните другари и доколку утврди дека таа согласност е донесена слободно, сериозно и непоколебливо, по нивно сослушување ( Член 39 од Законот за семејството на РСМ).

Бракот може да се разведе и по барање на еден од брачните другари, доколку брачните односи се нарушени до таа мера што заедничкиот живот станал неподнослив. За да се оствари ваков развод, потребно е да се докаже дека брачниот живот навистина станал неподнослив поради нарушените односи меѓу брачните другари. Кај оваа причина за развод на брак акцентот е ставен во објективните околности, а не не врз

субјективниот придонес на брачните партнери за ваквата состојба. Како резултат на тоа, при разгледувањето и оценувањето на објективните околности не се опфаќа и оценката на вината на некои од партенрите б, бидејчи таа преставува субјективна категорија (Мицковиќ, Д. и Ристов, А., 2015: 144).

Исто така, Законот предвидува као трета причина, брачниот другар може да бара развод на бракот ако брачната заедница фактички престанала подолго од една година ( Член 41 од Законот за семејството на РСМ).

Пред главната расправа за развод, судот одржува посебно рочиште како обид за мирење на брачните другари. Доколку рочиштето за мирење не успее, претседателот на судскиот совет закажува главна расправа. Кога судот ќе утврди дека односите меѓу брачните другари се трајно нарушени и дека не постои можност за нивно помирување, донесува пресуда за развод на бракот.

Правосилната пресуда за развод или поништување на бракот судот ја доставува до надлежниот орган на управата за водење на матичната книга на венчаните, најдоцна во рок од 30 дена, заради упис на промените, како и до Центарот за социјална работа, доколку брачните другари имаат малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право (Член 43 од Законот за семејството на РСМ).

## 4. РАЗВОДИ НА БРАК – ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, 2024 ГОДИНА

Во текот на календарската 2024 година, пред Основниот суд Кичево беа покренати вкупно 123 нови тужби за развод на брак. Овие тужби се однесуваат на бракови склучени во различни временски периоди, при што тужителите побарале раскинување на брачната заедница поради различни причини предвидени со закон.

Во текот на постапката, двајца тужители ја повлекле својата тужба, односно се откажале од понатамошно водење на постапката, најчесто поради постигнување меѓусебен договор или помирување. Со тоа, бројот на предмети кај кои постапката реално продолжила изнесува 121.

Во однос на донесените одлуки, Основниот суд Кичево во 2024 година донесе вкупно 134 пресуди за развод на брак. Важно е да се нагласи дека не сите од овие пресуди произлегуваат од тужбите поднесени токму во 2024 година. Дел од нив се резултат на постапки започнати во претходни календарски години, но кои правосилно завршиле во текот на 2024 година. Ова е честа појава, особено кај предметите кои, поради својата сложеност или други околности, се задржуваат подолго во постапка

***Слика бр. 1***



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË
Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Oslobodувanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.7/2025 QLI.nr.7/2025**
30.04.2025 година / viti
К и ч е в о/ Kërçovë

**До:**
**Илир Рамадани**
**ул.„Влашки пат“ бр.249**
**6250 Кичево,**

**ПРЕДМЕТ :** Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.07/2025 од 30.04.2025 година, Ве известуваме дека по извршениот увид во граѓансково и вонпроцесно оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот суд Кичево, колку тужби се поднесени за развод на брак, колку пресуди се донесени, дали имаа тужби што се донесени и странски судски одлуки што се донесени во странство за развод на брак во територијата на Основен суд Кичево во 2024 година е следното:

-Вкупен број на поднесени тужби за развод на брак во 2024 година е **123.**

-Вкупен број на донесени пресуди за развод на брак во 2024 година е **134.**

-Вкупен број на повлечени тужби за развод на брак во 2024 година е **2.** Причината за нивно повлекување била странките меѓусебе се смиреле.

-Странски судски одлуки кои се донесени во странство за развод на брак и нејзино извршување на територија на Основен Суд Кичево за 2024 година: **Да има.**

**Со почит,**

**Службено лице за посредување**
**со информаци-судски советник**
**Kadri Xhelili**

Извор: Официјални информации доставени од Основен суд Кичево

Поради тоа, **постојат несогласувања меѓу бројот на новоподнесени тужби и бројот на донесени пресуди во истата година**, што е вообичаена состојба во судската практика. Оваа разлика е резултат на динамиката на судските постапки и времетраењето на решавање на поединечните предмети.
Судот и понатаму останува посветен на ефикасно и навремено постапување по предметите од оваа област, имајќи ја предвид чувствителноста на семејните односи и потребата за правична и брза разрешница на брачните спорови. (информации доставени од Основен суд Кичево, види табела 1)

## 5. ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ НАРУШЕНИ ПАРТНЕРСКИ И БРАЧНИ ОДНОС ОД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Процедурите за нарушени партнерски и брачни односи се наменети за стручните работници во центрите за социјална работа, кои работат во областа на бракот и семејството, заради заштита на детето во постапките што се резултат на нарушените односи на родителите. Центарот за социјална работа претставува непосреден и единствен давател на услугите и оттука стручнометодолошкиот пристап во решавањето на прашањата поврзани со проблемите на бракот и семејството е од исклучително значење. Дефинирањето на процедурите во стручното постапување преку ефикасна, ефективна, структурирана и организирана работа на стручните тимови во Центарот за социјална работа ќе ги намали и превенира последиците врз детето што ги носи разводот на бракот.
Сите процедури што ги применува стручниот кадар од ЦСР за случаи на пријавени проблеми во брачните и семејните односи мора да вклучуваат одредени фази. Упатувањето на случајот во врска со проблеми во бракот и семејството во Центарот за социјална работа може да биде:  самоиницијативно, по барање на лице што има проблеми во партнерските, брачните и семејните односи или односот родители – деца, по службена должност Центарот за социјална работа може да констатира состојба на социјален ризик. по пријавување од друго физичко или правно лице (училиште, невладина организација, здравство, локална самоуправа, полиција и др). Во случаи на постапка за развод на брак и спроведување постапка за мирење, судот во рок од осум дена доставува писмено известување до Центарот за социјална работа, за потребата од спроведување на постапката за мирење и давање мислење за доверување на дете (https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/standardi%20%20FINAL.pdf). Судот ќе одлучува на кој од родителите ќе му останат децата и како ќе се регулираат нивните контакти со другиот родител. Доколку родителот, кај кого е доверено детето, го попречува контактот на детето со другиот родител, судот со одлука ќе ги уреди и правилата за одржување на контактите меѓу детето и родителот (Abdulla, A, Gahi, H, (2007: 234).

## 6. ПОДАТОЦИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – КИЧЕВО, 2024 ГОДИНА

Според информациите добиени од **Центарот за социјална работа – Кичево**, во текот на 2024 година до оваа установа биле поднесени **вкупно 99 предмети поврзани со разводи на брак**, кај кои постоело **несогласување меѓу родителите околу вршењето на родителското право**.
Од вкупниот број на поднесени случаи, **во 90 случаи биле покренати постапки за определување на родителското право**, односно за утврдување кому ќе му бидат доверени децата по разводот. Овие случаи се третираат согласно законската регулатива која се однесува на заштита на правата на децата и обезбедување на нивна стабилна семејна и социјална средина по прекинот на брачната заедница (Потатоци од **Центарот за социјална работа – Кичево).**
Во согласност со **Законот за семејство**, Центарот за социјална работа има надлежност да донесува **Решение со кое се утврдува на кој од родителите ќе му биде доверено вршењето на родителското право**, во ситуации кога родителите не можат да постигнат меѓусебен договор по ова прашање ( Член 76 од Законот за семејството на РСМ).
 Решенијата кои ги донесува Центарот се засноваат на проценка на најдобриот интерес на детето, земајќи ги предвид сите релевантни фактори: емоционалната врска со секој родител, условите за живеење, психо-социјалната состојба на родителите и други околности кои можат да влијаат врз благосостојбата на детето. Центарот за социјална работа – Кичево и понатаму останува активен чинител во заштитата на детските права и обезбедувањето на поддршка за семејствата во процес на развод, особено во ситуации кога конфликтите меѓу родителите можат негативно да влијаат врз развојот и психолошката состојба на децата.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Од извршената анализа може да се заклучи дека разводот на брак претставува сложен правен и општествен феномен, кој истовремено ја одразува динамиката на современите семејни односи и потребата од соодветна правна регулација. Бракот, како доброволна и законски уредена заедница, ужива посебна заштита, но

законодавството оправдано предвидува можност за негов престанок преку развод кога брачните односи се трајно нарушени и не ја исполнуваат својата суштинска функција.

Истражувањето укажува дека во современото општество постојат бројни фактори кои влијаат врз стабилноста на бракот, при што зголемениот број на разводи, како на национално, така и на европско ниво, ја потврдува потребата од балансиран пристап помеѓу заштитата на бракот и почитувањето на слободата и автономијата на брачните другари. Особено значајна е појавата на меѓународни бракови, каде што прашањето на меродавното право добива посебна тежина, а примената на принципот на најтесна врска придонесува за поголема правна сигурност и правичност.

Анализата на националната правна рамка покажува дека Законот за семејство и Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија обезбедуваат јасни услови и постапки за развод на брак, со посебен акцент на заштитата на интересите на децата. Податоците од Основниот суд Кичево и Центарот за социјална работа – Кичево за 2024 година укажуваат на значителен број разводи, како и на чести спорови поврзани со вршењето на родителското право, што ја потврдува важната улога на судовите и социјалните служби во обезбедувањето правична и брза разрешница на овие чувствителни семејни односи.

Сумирано, може да се заклучи дека постојната правна регулатива обезбедува солидна основа за регулирање на разводот на брак, но истовремено останува потребата од континуирано унапредување на практичната примена на законските решенија, со цел поефикасна заштита на правата на брачните другари и, пред сѐ, на најдобриот интерес на децата.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Мицковиќ, Д., & Ристов, А. (2015). *Семејно право*. Правен факултет „Јустинијан Први“.
Мицковиќ, Д., & Шутова, М. (2020). *Развод на брак во европски земји*.
Дескоски, Т., & Доковски, В. (2021). *Меѓународно приватно право*. Правен факултет „Јустинијан Први“.
Закон за семејството на Република Северна Македонија. (2019). *Службен весник на Република Северна Македонија*.
Закон за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија. (2020). *Службен весник на Република Северна Македонија*.
Основен суд Кичево. (2024). *Официјални податоци*.
Центар за социјална работа – Кичево. (2024.). *Официјални податоци*
Министерство за труд и социјална политика. (2021). *Постапки и процедури за работа на стручните работници во центар за социјална работа во областа брак и семејство*. Скопје.
Aliu, A., & Gashi, H. (2007). *E drejta familjare*. Fakulteti Juridik.
Abdulla, A., & Gahi, H. (2007). *E drejta familjare*. Fakulteti Juridik.
Bilalli, A., & Kuçi, H. (2022). *E drejta ndërkombëtare private*. Prishtinë.
Bilalli, A., Kuçi, H., & Ademi, A. (2022). *E drejta ndërkombëtare private*. Tetovë.
Kadriu, B. (2015). *E drejta ndërkombëtare private*. Tetovë.
Zendeli, E., Selmani-Bakiu, A., Dejan, M., & Angel, R. (2020). *E drejta familjare*.

**Веб-извори**

Министерство за труд и социјална политика. (2014). *Стандарди*. https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/standardi%20%20FINAL.pdf
Институт за комуникациски студии. (2024) *Кога бракот станува затвор – неизбежен е разводот*. https://iks.edu.mk/novosti/koga-brakot-stanuva-zatvor-neizbezhen-e-razvodot/